Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги СКОПЈЕ

| Примено: | 26.12.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6569/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 5 до 25 декември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Рекламирање и телешопинг не може да се емитува во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути)**

***Забелешка:*** *Надзорот е направен по службена должност на Агенцијата.*

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, констатирано е дека во одредени епизоди од детскиот серијал „Пет плус", што траат покусо од 30 минути, емитувани се и рекламни спотови, спротивно на членот 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| # | Наслов на емисија | Датум на емитување | Ефективно времетраење на епизодата | Почеток | Крај | Рекламни блокови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Пет плус" | 05.12.2014 | 29 минути и 56 секунди | 11:01:08 | 11:33:30 | 11:12:52 – 11:15:16 |
| 2. | „Пет плус" | 08.12.2014 | 29 минути и 9 секунди | 10:59:14 | 11:33:01 | 11:08:16 – 11:12:52 |
| 3. | „Пет плус" | 09.12.2014 | 29 минути и 3 секунди | 11:00:50 | 11:33:56 | 11:17:25 – 11:21:26 |
| 4. | „Пет плус" | 11.12.2014 | 29 минути и 41 секунда | 10:57:59 | 11:30:48 | 11:05:48 – 11:08:54 |
| 5. | „Пет плус" | 15.12.2014 | 28 минути и 32 секунди | 10:57:31 | 11:30:51 | 11:06:47 – 11:11:33 |
| 6. | „Пет плус" | 16.12.2014 | 28 минути и 4 секунди | 10:59:21 | 11:31:12 | 11:18:17 – 11:22:02 |
| 7. | „Пет плус" | 17.12.2014 | 27 минути и 26 секунди | 11:00:41 | 11:31:34 | 11:15:38 – 11:19:03 |
| 8. | „Пет плус" | 18.12.2014 | 28 минути и 9 секунди | 11:00:05 | 11:31:51 | 11:05:42 – 11:09:17 |
| 9. | „Пет плус" | 19.12.2014 | 28 минути и 49 секунди | 11:01:22 | 11:35:28 | 11:12:03 – 11:17:18 |
| 10 | „Пет плус" | 23.12.2014 | 28 минути и 30 секунди | 11:00:53 | 11:35:35 | 11:10:12 – 11:13:47 |
| 11. | „Пет плус" | 24.12.2014 | 28 минути и 15 секунди | 10:59:18 | 11:33:23 | 11:09:12 – 11:12:38 |
| 12. | „Пет плус" | 25.12.2014 | 28 минути и 23 секунди | 11:02:36 | 11:34:37 | 11:11:34 – 11:13:30<br>11:26:22 – 11:28:00 |

***Опис на прекршувањето***

Спротивно на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, констатирано е емитување рекламирање во програмата за деца „Пет плус", чие времетраење е пократко од 30 минути.

***Сектор за програмски работи***

*Датум на извршување на програмскиот надзор: 26.12.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на членот 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната.

<u>Предлог на мерка:</u>

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), <u>да се изврши контролен надзор</u>, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Сектор за правни работи***